РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр./Nr. 04-445
10.06. 2021 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 76-а, 76-б, 76-в член 77-а став (1) и став (2), член 77-б, 77-в, 77-г и член 77-д од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас бр.02-444 од 10.06.2021 година, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и пријавата за вработување на даватели на јавни услуги во Националната установа „Македонски народен театар“ – Скопје бр.04-150 од 22.02.2021 година, и Согласноста од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-4043/2 од 12.05.2021 година, на ден 11.06.2021 година се објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР.02-445

I.Националната установа РСМ НУ „Македонски народен театар“ – Скопје има потреба од вработување на 3 (три) лица за следното работно место:

**1.Актер четврта група** – три (3) лица со шифра на работно место КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6 на **определено време** од 5 години, со полно работно време, (40 работни часа неделно од 10-14ч. и 17-21ч.) согласно месечниот план за проби и претставии.Месечната нето плата без минат труд ќе изнесува 30.836,00 денари

II.Кандидатите за работното место **Актер четврта група** треба да ги исполнуваат општите услови:

- Да е полнолетен/на,
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му/и е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови за пополнување на работното место **актер - четврта група**, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови како:

- Вид на образование: високо образование или најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, драмски уметности, отсек актер или средно уметничко образование;
- Работно искуство: без работно искуство или до 1 (една) година во струката;

III.Пријавата за вработување особено содржи:

- Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивационо писмо;

- Кратка биографија;

- Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

- Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

**Кандидатите кон пријавата треба да приложат и:**

- Уверение за државјанство
- Диплома за завршено образование
- Доказ за работно искуство во струката (доколку е потребно)
- Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци)
- Лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци)
- Други документи наведени во точка III од овој Оглас

Јавниот оглас трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавување во дневниот печат. Постапката за селекција за вработувањето се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и аудиција.

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или преписи заверени на нотар.

Пријавата за јавниот оглас може да се подигне од архивата на РСМ НУ „Македонски народен театар“ - Скопје или да се симне од интернет страната www.mnt.mk

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојноста на докази имаат право да продолжат на аудиција и ќе бидат контактирани за местото, времето, начинот и датумот на одржување на аудицијата.

Пријавите со потребните документи да се достават до архивата на РСМ НУ „Македонски народен театар“ - Скопје секој работен ден од 10 до 14 часот или на адреса: РСМ НУ „Македонски народен театар“ - Скопје, ул.„11-ти Март“ бр.3, 1000 Скопје. Некомплетно или ненавремено поднесени документи нема да се разгледуваат.

Директор
Симона Угриновска